КЛИРИНШКА КУЌА
КЛИРИНШКИ
ИНТЕРБАНКАРСКИ
СИСТЕМИ АД, СКОПЈЕ

Бр. 03-299/1

Скопје, 02.09.2013

# Политика за управување со сигурност на информации

Информацијата е елементарно средство за работа кое може да постои во различни форми и има вредност за КИБС АД Скопје. Обезбедување сигурност на информацијата значи соодветно да се заштити ова средство, со цел да се обезбеди деловниот континуитет, да се минимизираат деловните штети и да се максимизира повратот на инвестициите.

Раководството на КИБС ја донесе оваа Политика за управување со сигурност на информации со што се поставуваат темелните цели и начела за воспоставување на систем за управување со сигурноста на информациите, усогласен со барањата на стандардите.

Раководството на КИБС обезбедува јасна и конкретна заложба и поддршка во спроведувањето на оваа Политиката и ја следи нејзината примена во секојдневното работење преку делегирање одговорности и воспоставување соодветна организациона поставеност. За таа цел Раководството именува тело, Надзорен одбор за сигурност на информациониот систем. Улогата и задачите на ова тело се регулирани со посебен акт на КИБС.

КИБС обезбедува сигурност и заштита на информациониот систем така што:

- Информациите да бидат расположливи на овластените корисници секогаш кога тоа го наложува деловниот процес.
- Обезбедува точност и комплетност, односно одржување на интегритет на информациите.
- Ги заштитуваа вредните и чувствителни информации од неовластено разоткривање и пристап.
- Ги лоцира критичните точки во работењето и презема дополнителни мерки за брзо реагирање и отстранување на потенцијалните проблеми.
- Обезбедува усогласеност со статутарните, законските или договорните обврски.
- Обезбедува континуитет на критичните деловни процеси во случај на недостапност на информационите системи, во разумен и прифатлив временски рок, преку развој, имплементирање и тестирање на планови за континуитет во работењето на КИБС.
- Ги едуцира сите корисници на информации на свесност за сигурносните закани по деловното работење и потребата за заштита на информациите и воедно ги информираме како да се грижат за сигурноста на информациите и да се придржуваат на нејзините цели и начела во секојдневното работење.
- Воспоставува систем на евидентирање, класифицирање, означување, чување и користење на информациите и информативните средствата.
- Ги анализира ризиците поврзани со средствата на информациониот систем и врши проценка на влијанијата по работењето на КИБС секогаш кога за тоа има потреба (воведување нов продукт, услуга, средство, и сл.)
- Забранува внесување или користење на непроверена или нелегална програмска опрема во компјутерските информациони системи, неовластен пристап до информациите и информациските средства, загуба, оштетување или неовластено модифицирање на информациите, прекин на деловните процеси, кражба или злоупотреба на информациите и средствата за процесирање на информациите.
- Обезбедува соодветно ниво на сигурност на информациите и информациските средства во сите организациони делови на КИБС преку воспоставување сигурносни зони со контролиран и ограничен физички пристап.

- Се грижи за редовно следење, известување и пријавување на сигурносни инциденти или неовластени активности во КИБС;
- Обезбедува сигурносните барања да бидат идентификувани и вградени во развојот и одржувањето на информационите системи, вклучувајќи информатичката инфраструктура, деловните софтверски апликации.
- Со редовните годишни и по потреба вонредни контроли на почитувањето на воспоставените правила и мерки од страна на внатрешни и надворешни ревизии обезбедува усогласеност на информациониот систем на КИБС со Политиките за сигурност на информации и меѓународните стандарди и врши нејзино константно подобрување.

Во насока на поддршка на Политика за управување со сигурност на информации креирани се дополнителни, политики, правилници, процедури, упатства и други документи кои се достапни за вработените преку интерниот систем за електронска документација и/или во хартиен облик.

Политиката се применува во сите организациони делови на КИБС и од страна на сите вработени во КИБС. Обврска на сите вработени е да ги почитуваат и да се придржуваат кон начелата за сигурност на КИБС во работно време и вон работно време. Секое нејзино нарушување или непочитување претставува директна опасност и загрозување на сигурноста на информациониот систем на КИБС, на вработените и на клиентите како и загрозување на нивниот углед и е предмет на понатамошни дисциплински и кривични постапки.

Прв генерален директор

Горан Анастасовски

Втор генерален директор

Стефче Стефановски